811.133.1(062)
821.133.1(062)
811.133.1:316.734(062)

**Ирина Бабамова**

# ХРОНИКИ ОД ПЕТТОТО И ШЕСТОТО ИЗДАНИЕ НА КУЛТУРНО-ОБРАЗОВНАТА МАНИФЕСТАЦИЈА *ДЕНОВИ НА ФРАНКОФОНИЈАТА НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“ – СКОПЈЕ*

## I. Петти *Денови на франкофонијаѿа на Филолошкиоѿ факулѿеѿ „Блаже Конески“ — Скоӣје*

Во периодот од 2 март до 8 април 2022 г., Катедрата за романски јазици и книжевности ја реализира програмата на уште една манифестација, во низата културно-образовни манифестации под името *Денови на франкофонијаѿа на Филолошкиоѿ факулѿеѿ „Блаже Конески“* – Скопје. Надоврзувајќи се на веќе традиционалните манифестации одржани во изминатите четири години, наставниот кадар на Групата за француски јазик и книжевност со активно учество на своите студенти, по петти пат го одбележа 20 Март, Меѓународниот ден на Франкофонијата, останувајќи доследен на своите заложби за промовирање на францускиот јазик и на франкофонските култури и цивилизации во високообразовната средина, но и надвор од неа. Манифестацијата се одржа во пандемиски услови, но хибридно, со онлајн-активности и со активности со физичко присуство, кои не само што ја истакнаа туку и ја потврдија предноста на познавањето француски јазик. Во програмата на манифестацијата беа застапени содржини што ги дополнуваа содржините на наставните програми на Групата за француски јазик и книжевност. Тие придонесоа и за многу корисна размена на мислења меѓу наставниот кадар од оваа Група и студентите, особено за време на дебатата за содржините на студиските планови и програми на КРЈК – Група за француски јазик и книжевност. Во рамките

на презентацијата на Универзитетската агенција на Франкофонијата, што ја одржа практикантката по француски јазик Шарлен Жув, беа претставени можностите за студентско учество на франкофонски фестивали и за реализирање преведувачка практикантска работа во Радио Франс Интернасјонал со седиште во Букурешт. Содржини со франкофонски книжевен карактер беа опфатени за време на активноста *Да читаме драми! Да читаме романи! Да читаме сè што нè интересира!*, што ја реализираа д-р Снежана Петрова, д-р Елисавета Поповска и м-р Ника Гавровска заедно со студентите. Мошне интересно искуство за студентите беше настанот *Готвиме заедно со шефот Марк де Јонг*, одржан со физичко присуство во СУ „Лазар Танев" – Скопје, во организација на д-р Снежана Петрова и д-р Ирина Бабамова, кораководителки на Центарот за универзитетска успешност „Ле тре-ФЛЕ". Не помалку интересна беше и *Работилницата за креативно пишување (сентиментална граматика)*, што ја подготви и реализира м-р Анита Кузманоска и која ја поттикна кај студентите поетската креативност на француски јазик. Програмата на манифестацијата овозможи реализирање разговор со кафе помеѓу студентите и директорот на Францускиот институт во Скопје, г. Иго Бештел, како и средба за онлајн-игри на француски јазик со практикантката по француски јазик Шарлен Жув. Назаборавно дружење помеѓу студентите и наставниците од Групата за француски јазик и книжевност, документирано со многубројни фотографии, претставуваше т.н. *Франкофонска прошетка на Водно*, чиј иницијатор беше м-р Анита Кузманоска. Ова дружење во природа им овозможи на учесниците да комуницираат на француски јазик надвор од училниците и електронските платформи за настава и да го збогатат својот зборовен фонд со нова француска лексика. Интересно искуство за студентите по француски јазик беше и работилницата за хаику поезија што ја организира и спроведе лектор д-р Милена Касапоска-Чадловска.

Во рамките на петтото издание на *Деновите на франкофонијата* се одржаа и две презентации на значајни проекти реализирани во пандемиски услови. Едната презентација се однесуваше на научноистражувачкиот проект на тема *Термини и терминолошки изрази од доменот на пандемијата на Ковид-19 во македонскиот, во францускиот и во италијанскиот јазик*, ТЕРМАКФРИТ, подготвен и реализиран од страна на д-р Славица Велева, д-р Ирина Бабамова и д-р Александра Саржоска од Филолошкиот факултет „Блаже Конески" и финансиски поддржан од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј". Другата презентација се однесуваше на проектот за учебно помагало *Léo et Sophie vont au college* – во авторство на колеги од

ЗПФРМ под раководство на д-р Снежана Петрова и објавено од страна на ова Здружение.

Програмата на петтите *Денови на франкофонијата на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“* (2021) ја подготви Катедрата за романски јазици и книжевности во рамките на макропроектот *Јазици, книжевности, култури: образовни политики во служба на современото општество*, чиј носител е Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ – Скопје. Таа беше реализрана со партнерско учество на Центарот за универзитетска успешност „Ле Тре-ФЛЕ“ на УАФ при УКИМ, Францускиот институт во Скопје и СУ „Лазар Танев“ во Скопје.

Во комисијата за организирање на манифестацијата учествуваа следниве членови на Катедрата за романски јазици и книжевности: Ирина Бабамова (претседател), проф. д-р Мира Трајкова, проф. д-р Мирјана Алексоска-Чкатроска, проф. д-р Снежана Петрова, проф. д-р Јоана Хаџи Лега Христоска, виш лектор м-р Анита Кузманоска и Шарлен Жув, практикантка по француски јазик.

## II. Шести *Денови на франкофонијата на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ – Скопје*

Програмата, чиј носител, како и минатите пет години, беше Катедрата за романски јазици и книжевности, беше подготвена во соработка со ЦУУ „*Ле тре-ФЛЕ*“ на УАФ при УКИМ и Францускиот институт во Скопје и реализирана во периодот помеѓу 8 и 29 март 2023 г. Особено забележано беше учеството на студентите кои во рамките на подготвените активности покажаа одлично познавање на францускиот јазик. Под менторство на практикантката Сара Грим, тие подготвија илустрирани презентации за познати франкофонски и македонски жени чии дела оставиле печат во историјата на човештвото. Со карактеристики на варијантите на францускиот јазик во различни региони во светот, студентите имаа можност да се запознаат преку забавните активности што ги организира м-р Милена Недевска. Програмата на овогодинешната манифестацијата беше збогатена со омаж во чест на Ацо Шопов и 100 годишнината од неговото раѓање https://www.ifs.mk/ho mmage-a-aco-shopov14-03-2023/ организиран од страна на Француски институт во Скопје и Општината *Центар*, со учество на д-р Ирина Бабамова и д-р Весна Мојсова Чепишевска од Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ – Скопје. Настанот се одржа во Музејот на македонската борба на 14.3.2023 г.

Предвидените содржини во програмата овозможија запознавање со новитетите во ЗЕРРЈ, поточно со *медијацијата* во наставата по француски јазик како странски, како и со педагошките материјали подготвени и достапни на интернет-страницата на КРЕФЕКО (CREFECO). Запознавањето на студентите и професорите со поимот *медијација* и со нејзината примена во наставата по француски како странски јазик го реализираа м-р Анита Кузманоска и д-р Милена Касапоска-Чадловска од Катедрата за романски јазици и книжевности и м-р Кети Димковска, советник за француски јазик во Бирото за развој на образованието при МОН. Студентите имаа можност да учествуваат во работилница за книжевно преведување од француски на македонски јазик, преку преведување извадоци од романот „La Clé sur la porte" од Мари Кардинал. Работилницата ја спроведоа проф. д-р Ирина Бабамова и м-р Анита Кузманоска. Франкофонскиот карактер на манифестацијата го дополни проф д-р Петар Атанасов со своето претставување на ликот и делото на Емил Сјоран и со документарниот филм за овој романски филозоф кој живеел во Франција. Шестото издание на Деновите на франкофонијата беше збогатено и со друштвените игри *Dixit, Jeu des 7 familles, Jeu du bac*, како и со франкофонски пикник и дружење преку играње „Петанк" во скопскиот градски парк кај „Школка". Целта беше да се овозможи неформална комуникација на француски јазик и забава преку играта позната во Франција.

Со најновото, шесто издание на *Деновиtе на франкофонијаtа на Филолошкиоt факулtеt „Блаже Конески",* Групата за француски јазик и книжевност при Катедрата за романски јазици и книжевности ѝ се придружи на меѓународната франкофонска заедница која секоја година во март го одбележува културниот, политичкиот и економскиот дијалог меѓу народите што го споделуваат францускиот јазик како јазик на комуникација.